# ПОСТАПКА СПРЕМА ПРАВНИ ЛИЦА

***ВИШ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ***

***Др.Тодор Витларов***

Возможно  е водење на кривична постапка само:

-против правното лице, во случај ако постојат фактички( умрело, душевно се разболело) или правни пречки( застареност, амнестија, помилување)за утврдување на кривичната одговорност на физичкото лице,

-како и доколку тоа останало непознато.

Ова е фактичко прашање , со дејствија на физичкото лице, да  е сторено предметното кривичното дело.

Кога се води кривична постапка против одговорно лице или преставник на правно лице, јавниот обвинител по службена должност може да бара покренување на постапка и против правното лице.

## Отстапување од принципот на легалитет (опортунитет) :

-ако ЈО оцени дека правното лице нема никаков имот или имотот е толку мал што не може да ги покрие ни трошоците на постапката

- или ако против правното лице се води постапка за стечај.

Месната надлежност е според седиштето на правното лице, а ако се води единствена постапка со одговорното лице (вработен, застапник), важат одредбите за општа месна надлежност

Во постапката против право лице учествува овластен преставник на правното лице, кој ги има  истите права и може да ги превзема истите дејствија, како обвинетиот во постапката.

-По правило овластен преставник на правното лице е одговорното лице.

Ако преставникот и самиот е обвинитет или е повикан за сведок, или постојат правни и фактички пречки тој да го преставува правното лице, правното лице е должно со полномошно да си определи друг преставник од редот на другите одговорни лица или вработени

-Секое обвинето право лице, мора на својот претставник да му издаде писмено полномошно, во кое е содржан обемот на неговите овластувања.

Полномошното се доставува до судот пред почетокот на главанат расправа

Постои законски рок за определување на преставник (8 дена) од добивањето на поканата за главна расправа.

Ако правното лице тоа не го стори, ќе го извести судот, кој по службена должност, од редото на одговорните лица или вработените, ќе определи преставник.

Ако тоа не е можно, судот преставник ќе определи од редот на адвокатите.

Освен во предходниот случај, судот по службена должност ќе определи преставник на правното лице, ако пред правосилното завршување на кривичната постапка, правното лице престанало да постои

-Исто така  по службена должност се  определува  преставник  ако  е определен преставник спротивно на   ст. 2 на овој член.

Во ваков случај судот предходно му остава на правното лице рок од 8 дена да определи друг преставник.

-Определувањето на преставник по службена должност е со решение.

-Против ваквото решение правното лице , како и лицето кое од правното лице е определено како преставник имат право на жалба, која не го задржува од извршување ова решение.

Обвинетото правно лице може да има бранител, што го определува овластениот преставник на правното лице.

Кога преставник на правното лице, е адвокат определен по службена должност од страна на судот, тој е и бранител на правното лице.

.

Доставата се врши на седиштето на правното лице или преставникот, ако има промена на седиштето, постои должност во рок од 3 дена, да се извести судот, ако не се извести, се смета за уредна онаа на на старото седиште.

Посебно е регулирано прашањето за начинот на достава, кога на правното лице му е изречена казна.

Пропишана е можноста за приведување на уредно поканетиот преставник , кој не се јави на  поканата и своето отсуство не го оправда.

Обвинението против правното лице содржи :

Име, седиште, матичен број, име и презиме на преставникот и негова адереса. Ако се работи за странец преставник на правното лице, покрај личните податоци и бројот на пасошот.

Доколку се води единствена постапка, на главната расправа , прво се врши распит на одговорното лице, а потоа на преставникот на правното лице.

Редоследот на изведувањето на доказите го определува судот, по правило се тргнува од доказите на одговорното лице.Потоа доказите на преставникот на обвинетото правно лице.

-По завршниот збор на бранителот и праставникот на правното лице, завршен збор има одговорното лице и неговиот бранител.

-Сите одредби кој се однесуват на постапката за казнен налог чл. 497 од ЗКП, се применуват и во оваа постапка.

-Пропишана е законска можност за одржување на главана расправа , во отсуство на преставникот на правното лице, ако истиот е уредно повикан , ако обвинетото право лице има бранител.

Против правни лица можат да се определуваат привремени мерки , за обезбедување на имот и средства кој се во врска со кривично дело.

- забрана за вршење определена дејност или на сите дејности на правното лице до завршувањето на постапката и
- забрана за статусни промени во правното лице,

Овие забрани се впишуват во Централниот регистар (судскиот или друг регистар).

Законот ја пропишува содржината на пресудата против правното лице

Судот може со решение да ја запре постапката против правното лице, ако :

-тоа престанало да постои а нема услови за изрекување на казна или мерка конфискација на имот или имотна корист или одземање на предмети.

Во постапката против правни лица,од пропишаните вонредни правни лекови можат да се користат повторување на постапката и барање за заштита на законитоста.

# ОД СУДСКАТА ПРАКТИКА

ДО

ОСНОВЕН СУД

Во согласност со членот 469 став 1 од ЗКП, поднесувам :

ОБВИНИТЕЛЕН ПРЕДЛОГ

Против :

1.Ф.Т.( обвинетото физично лице ) со генералии,

2. Името на обвинетото правно лице, неговото седиште според податоците на регистарскиот суд и матичен број , името и презимето на неговиот претставник и неговата адреса ( *во практиката вавки податоци не се пишуваат* ) , како и државјанство , а доколку се работи за странец определен како претставник и бројот на неговиот пасош

# ОБВИНИТЕЛЕН ПРЕДЛОГ

**Против:** Правното лице XX

**ЗАТОА ШТО:**

На XX, со намера да прибави противправна имотна корист обвинетиот Н.Н.во својство на управител на друштвото издал барииран чек бр.ххх за кој знаел дека нема покритие, во износ кој е изрично забранет со договорот за употреба на чекот, па со тоа  за друштвото прибавило противправна имотна корист во износ од хххх денари.

Кривично дело Издавање чек без покритие и злоупотреба на кредитна картичка од чл.274 ст.5 в.в. ст.1 од КЗ.

**Против:** 1.обвинетиот ГЗ
2.Правното лице XX

**ЗАТОА ШТО:**

Обвинетиот ГЗ преку правното лице XX, како сопственик и управител во месец хх, без склучен договор за репродукција и дистрибуција со продуцент или овластен дистибутер во инпровизирано студио репродуцирал и дистрибуирал аудио и видео изданија СЦ и ДВД дискови со музика, филмови од домашни и странски автори.

Со обвинетиот сторил кривично дело Повреда на авторско право и сродни права од чл.157 ст.1 од КЗ, а обвинетото правно лице истото дело од ст.6 в.в. ст.1 од КЗ.

Затоа што:

Во текот на 2007 година , првообвинетиот како одговорно лице-управител во второобвинетото правно лице ЗЗ..... , со намера второобвинетото правно лице да одбегне делумно плаќање персонален данок од доход и  данок на додадена вредност, на што било обврзано со закон(се пишуваат соодветните одредби од тие закони), првообвинетиот дал лажни податоци за приходите , предметите или други факти на второобвинетото првно лице,што биле од влијание за утврдување на износот на ваквите обврски , на начин што :

# АЛТЕРНАТИВА

## Затоа што :

Во текот на 2007 година, првообвинетиот како одговорно лице – управител во втoрообвинетото правно лице, во име и за сметка на обвинетото правно лице , со намера тоа да одбегне делумно плаќање персонален данок од доход и данок на додадена вредност , на што било обврзано со закон (се пишува бланкетната норма) , првообвинетиот дал лажни податоци за приходите, предметите и други факти на обвинетото правно лице , што биле од влијание за утврдување на износот на ваквите обврски, на начин што :

**Затоа што:**

На 28.11.2009 година , во 23,20 часот, во угостителскиот објект ВВВ, кој е во сопственост на второобвинетото правно лице, лоциран на улица во Ц, првообвинетата како **вработена** – шанкер, ги послужила со алкохолни пијалоци – ликер, вотка и текила, малолетните: М.А ., родена ..., Т.Б., родена ... И Б.В. родена ..., кои од страна на овластени службени лица – инспектори на МВР , се затечени во објектот како пијат алкохол.

Со што првообвинетата сторила кривично дело Точење на алкохолни пијалоци на малолетници од чл.204 став 1 од КЗ , а второобвинетото правно лице кривично дело Точење на алкохолни пијалоци на малолетници од чл.204 став 4 в.в. Со став 1 од КЗ .

# АЛТЕРНАТИВА

**Затоа што:**

На 28.11.2009 година во 23 часот во угостителскиот објект Б.Б. кој е во сопственост на обвинетото правно лице лоцирано на ул. XX , првообвинетиот како одговорно лице- шанкер , ги послужил со алкохолни пијалоци – ликер , вотка и текила малолетните ...

# СЕНТЕНЦА

За оговорно лице во правното лице ќе се смета и лице кое, иако формално не било запишано како управител во судскиот регистар, настапувал и превземал правни дејствија во односите со трети лица , бил потписник на жиро сметката , подносител на годишните сметки , го организирал целокупното работење и ги извршувал одлуките при управувањето , како и вршел други работи определени со закон, па оттука и имал обврска да се грижи за законитоста на работењето на друштвото .

Одлука на Врховен суд на Р.Македонија Квп.бр. 90/07